# Г О Д И Ш Е Н    И З В Е Ш Т А Ј
# на НВО КХАМ Делчево

# *2 0 1 4*

## *Структура на НВО "К Х А М" -Делчево*

***Собрание***

*Највисок орган на НВО КХАМ-Делчево е собранието и го сочинуваат сите членови на Здружението. Собранието ги поставува насоките за сите политики на здружението и ги усвојува финансиските планови, програми, стратешки цели и извештаи.*

***Управен одбор***

*Управниот одбор на НВО КХАМ Делчево е составен од пет члена кои ги избира Собранието за период од две години. Управниот одбор ги спроведува заедничките политики и ставови утврдени од Собранието, одлучува за стекнување и располагање со средства на НВО КХАМ, поготовка на годишна програма, прием на нови членки и е одговорен за спроведување на сите проектни активности на НВО КХАМ-Делчево.*

***Членови на Управен одбор***

1. Аксел Ахмедовски
2. Желеанка Демирова
3. Виолета Илиевска
4. Влатко Даневски
5. Даниела Такева

***Надзорна Комисија***

*Тело составено од три члена, одговорно за следење на наменско трошење на средствата и увид во целокупното финансиско работење на НВО КХАМ-Делчево*

***Членови на надзорна Комисија***

1. Сузана Петровска
2. Мехмет Мустафов
3. Тони Стоименовски

***Извршна канцеларија***

*Извршната канцеларија е седиштето на Здружението и вработените лица кои ги координираат активностите на НВО КХАМ Делчево, спроведуваат административно-технички работи, одржуваат контакти со членовите, учествуваат во подготовка на стратегии, работни и финансиски планови.*

### *Зекир Абдулов- Извршен директор*

*За успешна работа, остварување на визијата, мисијата и целите на здружението се формирани следните сектори:*

- ***Образовна Програма***

***Елвис Ковачов***-*Проектен Кординатор*
***Сара Јашаровска*** -*Проектен асистент*
***Ромина Кајтазова***-*Медијатор*
***Мерсид Мустафов*** -*Медијатор*

- ***Здравствена Програма***

***Зоран Биковски***-*Проектен Координатор*
***Санела Абдулова***- *Проектен асистент*
***Едвин Мемедов*** - *медијатор Виница*
***Џинеј Демиров*** - *медијатор с. Црник*

❖ ***Медиумска компоненнта-Здравствена Програма***
***Ромина Кајтазова- радио водител на емисија***

❖ ***Сектор-администрација***
***Анита Цоневска***
***Бети толевска***

❖ ***Сектор -финансии***

***Розета Такева***

***www.khamdelcevo.org.mk***
e-mail:nvokhamdelcevo@gmail.com
Адреса:„Маршал Тито“б.б. Делчево
tel/fax:++389 (0) 33/413-695
моб. тел ++ 389 (0) 71 215 356

***ВИЗИЈА***

*НВО КХАМ Делчево е институционализирана организација во рамките на системот на државата и активен чинител кој придонесува за развој на граѓанското општество и демократија како и инстутциоален пристап и интеграција на ромската популација и другите маргинализирани групи во сите сфери на општествениот живот.*

***МИСИЈА***

*Подигање на образовното ниво и подобрување на социоеконмскиот статус на маргинализираните групи и давање на придонес кон зајакнување на капацитетот на НВОи во Источна Македонија преку соработка со домашни и странски институции.*

***Стратешки цели***

1. *Искористување на сите можности и потенцијали на организацијата како и развивање на форми за лобирање и застапување за развој на демократија, граѓанско општество и човекови права.*
2. *Опреационализацција и институционализација на локалните акциони планови од Декадата на Ромите 2005-2015 год.*
3. *Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата*
4. *Развој и унапредување на доборотворстовото и волонтерството*
5. *Подобрување на имиџот и развивање на позитивна слика за Невладиниот сектор во државата преку интензивирање на соработката со локалната и централната власт.*
6. *Кроссекторска и меѓугранична соработка, како и поддршка на евроинтеграциските процеси*

***Вредности и принципи на работата на НВО КХАМ Делчево***

1. *Професионалност и одговорност во работењето*
2. *Стручност во извршувањето на задачите*
3. *Изнаоѓање на идејни решенија и методологии во спроведувањето на различни програми*
4. *Креативност во нови приоди*
5. *Обезбедување на одржливост при реализација на активностите*
6. *Активно вклучување на корисниците во процесот на креирање и изработка на програмите*
7. *Транспарентност и отчетност во соработката со донаторите и корисниците на услугите*
8. *Промовирање на вредности на демократско граѓанство во сите сфери на работењето*

***Партнери:***

***Фондација Оторено Општество Македонија***

***Roma Education Fund***

**Министерство за труд и социјална политика на РМ**

***Општина Делчево***

***РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2014 год.***

- Во рамките на **проектот „Инклузија на децата роми во Јавните предучилишни установи“** Во соработка со Министерството за труд и социјална
  Буџет:до 30.06.2014-**58.337** ден

  Со овој проект се следи напредокот на децата во однос на совладување на македонскиот јазик и се врши нивна подготовка за полесен влез во прво одделение.
  Опфатени се деца на годишна возраст од 4,7 до 5,7 год., а покрај следењето на децата во детската установа предвидени се и активности за подигање на свеста на родителите за потребата од предшколско вклучување на нивните деца во образовниот процес.
- Во периодот до крајот на 2014 година се информирани родителите за важноста од образованието и одпочнување на проектот на едукативни работилници во Делчево и Виница.
- Од 01.09.2014 до 31.12.2014-**110.70**0 ден.
- Вклучени деца во проектот **до јуни** 2014 год:
  Делчево- 15 деца
  Виница- 26 деца

с. Црник- 26 деца

- Вклучени деца во проектот **од септември** 2014 г.
  Делчево- 25 деца
  Виница- 50 деца
  Пехчево со с. Црник- 26 деца




- ***„Добар почеток - трета фаза“*** (РЕФ -Ромски Едуктивен Фонд)

НВО „КХАМ“ од Делчево во периодот од 01.11.2013 год. до 30.06.2014 год. во партнерство со Ромскиот Едукативнен Фонд од Будимпешта (РЕФ) го реализираше проектот „Добар почеток“.Овој проект се реализира веќе трета година

Како наши директни партнери беа Општините Виница, Делчево и Пехчево и детските градинки „Гоце Делчев“- Виница, „Весели Цветови“-Делчево и „7 ми Септември“ -Пехчево

- Вклучени деца во детските градинки јануари-јуни 2014 год.

-Делчево-12 деца
-Виница- 20 деца
-с. Црник.- 26 деца

- Реализирани се 6 здравствени и едукативни работилници на трите локалитети.(Делчево. с. Црник и Виница)
- Доделени се 4 прехрамбени пакети и дадена е помош во пари (3.000 ден.) на 2 лица од Emergency found буџетот на проектот од REF.
- Обезбедени лични документи за 5 семејства.





- Проектот **„Право на здравствена заштита-воспоставување на параправна помош во зедницата“** е проектот е поддржан од страна на Фондација Отворено Општество Македонија

И во текот на 2014 год. имаме континуирано вршење на Параправна поддршка-обезбедување на параправна помош во смисла на посредување и покренување на постапка за остварување на право од здравствена заштита.

- Помош била укажана и на **63 корисници** во однос на остварување на **правата од социјална заштита** (еднократна, постојана парична помош, социјална помош, користење на народна кујна,деблокирање на трансакциски сметки на корисници на социјална помош и др).
- Параправниците воедно обезбедиле помош и поддршка на **2 корисници во однос на правата од работен однос** ( склучување на договор за работа, информирање за користење на субвенции за самовработување, неисплатена плата, неможност за користење на неделен и годишен одмор, работење на празници, исплата на плата под законски утврдената минимална плата и др.)

Помош и поддршка е обезбедена на **20 корисници** во однос на остварување на други права, меѓу кои ( **помагање за поведување на постапка за да се отстрани печатот од пасош за забрана за излез од државата, помош за враќање на одземени пасоши).**

- **Одржување на едукативни активности со заедницата**
  - Вкупно се **информирани 130 лица на здравствено-едукативни работилници на двата локалитети: Делчево и с.Црник.**

- **Во текот на 2014 год. на 88 клиенти** им била обезбедена помош и поддршка во врска со правата од здравствена заштита и права на пациенти, и тоа во однос на:

-информирање и упатување на странките до соодветните здравствени установа
-изработка на претставки и ургенции до Управен Суд
-комплетирање на документација за туѓа нега
-закажување на прегледи
-придружба на лица до соодветни здравствени установи

- За време на средбите со заедницита и за време на одржување на работилниците се поделени **120 бебешки пакети**
- **Остварени се 46 бесплатни прегледи за Белодробни заболувања и ТБЦ**
- **Направен е Бесплатен ПАП тест за 40 жени од с.Работивиште, Виница-120 жени и 60 жени од с.Црник,** преку мобилна гинеколошка амбуланта и со директна логистика на НВО „ХЕРА“

- ***Делење на промотивни материјали***

**Поделени**

- **350 памфлети(брошури) во Делчево**
- **100- во с. Црник**
- **50- плакати**
- **Остварени се 200 директни посети на семејствата**
- **Изработена Видео сторија за прекршување на право на пациент од страна на Итната помош**
  **Изработено Видео за ромите од с. Црник кои дискриминаторски се вратени од границата како потенцијални лажни азиланти.**

- ***„Мониторинг во заедницата-Имунизација на Роми“***

Договорот за грант помеѓу Фондација отворено општество-Македонија и НВО КХАМ, содржи активности за мониторинг на заедницата во трите Општини (Делчево со с.Тработивиште, Пехчево со с. Црник и Виница)“ и вршат

поттикнување и информирање за правото и должноста од имунизација кај ромската популација со посебен акцент на децата на возраст до 18 години.

Она што го карактеризираше целиот тек на проектот се:

- Средби на Координативно тело-застапување согласно Акциониот план за застапување на три локалитети

- Индивидуални средби за застапување на локално ниво со:

*директорите на Здравните домови, градоначалниците и здравствените професионалци од три локалитети*

- Застапување на национално ниво

*Настапи на националните и регионалните ТВ медиуми( МТВ1, АЛФА,Сител, Тв Стар)и видеио запис за семејств о ко пред нааш посета не било имунизирано и кои има две породувања во домашни услови.*

- **Мобилизација на заедницата**

-Се дели календарот за имунизација

-Се следи квалитетот на услугите при имунизација кај семејство со деца до 6 год.





- **Градење на капцитети**

Обуки од страна на МОФ за вештини на комуникација и интернет активизам

- ***Промотивни активности***

**-**Будимпешта:

- мај-конференција на тема „Пристап до примарна здравствена заштита“

- јули-„Литигација на човекови права“

-Изработен здравствен билтен во 150 примероци

- ***Недела на Имунизација***

-Поделени 56 хигиенски пакети за новороденчиња

-Реализиран нов циклус на истржување за изработка на картичка на задоволството од спорведувањето на Имунизацијата.

-Спроведена едукација кја мајките на новороденчиањата за грижата ококу бебињата и здраво мајчинство.

-Тимот на НВО КХАМ ги едуцираше мајките за наталната и антинаталчната заштита според Порграмата за Активна здравствена заштита.

 

***РАДИО***

Преку Радио„Зора“ континуирано ја зајакнуваме заедницата за остварувањето на правото на здравје и правата на пациенти со учество на здравствени професионалци и претставници на ФЗОМ, како и претставници на заедницата во врска задоволството од спроведувањето на Здравствените програми на Владата.
Продуцирани 90 Радио емисии во 2014 год.

*Радио емисијата се емитува секој вторник и петок со почеток во 9:20 часот на FM 98.3 Mh.*

- **Во рамки на проектот „Ромски младински центар“** што го спорведе НВО КХАМ Делчево, а поддржан од Мировен Корпус и Американска Амбасада се одржаа три циклуса на обуки за младите Роми. Првиот циклус се одржа во месец септември и беше на тема за „Јавно говорење“ и „Дебата“. Обуката беше спроведена од член на Извршната канцеларија на НВО КХАМ Делчево, социолог-Зоран Биковски.
  - Вториот циклус обуки беше спроведен во месец октомври и беше на теми„ Пишување на ЦВ“, „Мотивационо писмо“ и „Интервју“. На овие обуки, учесниците се здобија со основните вештини за темите. Обуката беше спроведена од страна на Анита Цоневска- програмки координатор во НВО КХАМ Делчево.
  - Третиот циклус на обуки беше спроведен на крајот од месец октомври од страна на Сара Јашаровска-асистент во образовната програма во НВО КХАМ Делчево.

Обуките беа на тема „Историјат и потекло на Ромите“ и „Ромска традиција и култура“

## *Партнерски активности*

1. Работилници со млади во с. Црник на тема „СТОП за малолетничките бракови“ како дел од кампањата на Отворена Порта

Во рамките на проектот „**Не ми го одземајте моето детство“**,што го спроведува **Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта, а НВО КХАМ е партнер во спорведувањето на активностите,** има за цел да придонесе кон зголемување на превенцијата и заштитата на децата Роми во Македонија од принудни/детски бракови и трговија со луѓе.
Се реализира 1 едукативни работилници со деца и 1 работилници со родители.Работилниците кои се спроведоа со децата именувани како **Да се**

**мажам или не** имаа за цел да покренат дискусија за негативните последици и ризици по однос на психо- физичкиот раст и развој на децата кои произлегуваат од раните детски бракови, како и нивната поврзаност со насилството, трговијата со луѓе и сиромаштијата.
Работилницата се одржа на 27.10.2014 година со присуство на 35 ученика од 13-18 години од с. Црник. Пехчево.
На работилницата со родители одржана на 12.11.2014 год.,присуствуваа 30 родители од с. Црник Пехчево

2. НВО КХАМ Делчево како партнер во реализацијата на активностите од кампањата **„Крени го гласот против трговијата со луѓе“** финансиски поддржана од Европска Унија, а реализирана од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена Порта, реализира две работилници со млади-средношколци од Средното Општинско училиште „М.М.Брицо“- Делчево.Работилницата рече на тема„превенција од трговија со луѓе“.
   Работилниците се одржаа на ден 21 и 22.11.2014 год. и присуствуваа вкупно 20 средношколци.
   Воедно,средношколците може да аплицираат на конкурсот **за избор на најдобар средношколски мулти медијален производ на тема „Трговија со луѓе“.**
   **Конкурсот беше објавен преку ФБ страната на НВО КХАМ и презентиран на работилниците на малдите средношколци.**

***Финансиски Извештај за 2014***

Финасиското работење на НВО КХАМ Делчево е организиран на начин кој ги почитува најважните начела на финансиското работење: отчетност, транспарентност и документираност.
Финансиското работење е во согласнот зо Законот за сметководствено работење на напрофитни организации. НВО КХАМ Делчево изработува годишен финансиски извештаи, а во согласнот со барањата на донаторите, изработува месечни , квартални и годишни извештаи врз основа на сметководствената документација и евиденција.

| Донатори | во ден.2014 |
|---|---|
| МТСП | 58337 |
| ФООМ | 3878406 |
| ЦИРа | 100045 |
| РЕФ | 850457 |
| Вкупно прилив | 4887245 |
| Трошок | 4126907 |

**адреса**: НВО КХАМ Делчево
ул.„Маршал Тито“ б.б
тел/фах: 033/413-695
email:nvokhamdelcevo@gmail.com